04-17641
05.08 ...

До: Министерство локална самоуправа (имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр.101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: | 13.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 1107/1 | | |

(опис на информацијата која се бара)

1. Податоци за број на вработени во општинската администрација, **разделени по пол**, посебно за секоја единица на локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година.
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС, **разделени по пол**, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година.
3. Просечна бруто-заработувачка од час, по вработен, **по пол** и **по единица на локална самоуправа (ЕЛС)** за **секој месец** од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година (**листа имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата**).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емаил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 18.07.2025 година
Потпис

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-1107/6
04. 09 2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-232/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 04.09.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-1107/1 од 13.08.2025 година **СЕ УВАЖУВА**.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 13.08.2025 година и заведено под бр.25-1107/1, со кое Брателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Податоци за број на вработени во општинската администрација, **разделени по пол,** посебно за секоја единица на локална самоуправа (ЕЛС) за 2024 година.
2. Податоци за број на вработени во институциите основани од ЕЛС, **разделени по пол,** посебно за секоја ЕЛС за 2024 година.
3. Просечна бруто-заработувачка од час, по вработен, по **пол** и по **единица на локална самоуправа (ЕЛС)** за **секој месец** од 2024 година.
4. Назначени директори на институциите основани од ЕЛС, посебно за секоја ЕЛС за 2024 година **(листа имиња назначени од директорите, разделени по пол и назив на институцијата).**

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог на ова Решение, на Барателот [redacted] му се доставува следната информација:

1. Податоци за број на вработени во општинската администрација на Општина Ранковце за 2024 година:
   Од јануари до февруари вкупно 31, од кои 19 мажи, 12 жени
   Од март до декември вкупно 29, од кои 17 мажи, 12 жени
2. 1) Податоци за вработени во ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош" Ранковце за 2024 година:

Вкупно 52, мажи 19, жени 33.

2) ЈКП,,Чист ден" во 2024 има вкупно 16 вработени од кои 15 машки/1 женско

3. 1) Просечна бруто заработувачка од час по вработен за Општина Ранковце за 2024 година:
-Јануари 289 денари, 19 мажи и 12 жени вкупно 31
-Февруари 287 денари, 19 мажи и 12 жени вкупно 31
-Март 316 денари , 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Април 310 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Мај 313 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Јуни 351 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Јули 296 денари , 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Август 326 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Септември 331 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Октомври 305 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Ноември 339 денари, 17 мажи и 12 жени вкупно 29
-Декември 328 денари , 17 мажи и 12 жени вкупно 29

2) Просечна бруто заработувачка од час во ООУ ,,Христијан Тодоровски-Карпош" Ранковце:
-Јануари 286 денари, 20 мажи и 32 жени вкупно 52
-Февруари 309 денари, 21 мажи и 32 жени вкупно 53
-Март 303 денари, 22 мажи и 32 жени вкупно 54
-Април 291 денари, 22 мажи и 31 жени вкупно 53
-Мај 272 денари, 23 мажи и 31 жени вкупно 54
-Јуни 269 денари, 23 мажи и 31 жени вкупно 54
-Јули 277 денари, 22 мажи и 31 жени вкупно 53
-Август 295 денари, 22 мажи и 31 жени вкупно 53
-Септември 317 денари, 19 мажи и 33 жени вкупно 52
-Октомври 306 денари, 19 мажи и 33 жени вкупно 52
-Ноември 324 денари, 19 мажи и 32 жени вкупно 51
-Декември 327 денари, 19 мажи и 32 жени вкупно 51

3)Заработувачка од час за 2024 во денари по вработен во ЈКП ,,Чист ден": Јануари 219, Февруари 239, Март 239, Април 227, Мај 219, Јуни 251, Јули 221, Август 199, Септември 243, Октомври 218, Ноември 244, Декември 227.

4. 1)Назначен директор во ООУ ,,Христијан Тодоровски-Карпош" Ранковце:
-Роберт Јаќимовски

2)Назначени в.д. директори за 2024 година во ЈКП ,,Чист ден" се:
Ненад Петковски и Николче Јовановски

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Општина Ранковце**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Сања Стојановска**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25 - 1107/7
04. 09. 2025 год.
РАНКОВЦЕ

До
[redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено под број 25-1107/1, од 13.08.2025 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви биде доставено во електронски запис на е-маил определена информација, Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараната информација е информација од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараната информација е информација од јавен карактер и ќе биде доставена во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-1107/6 од 04.09.2025 година

**Со почит,**

**Општина Ранковце**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Сања Стојановска**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ